**20160350925**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 февруари 2016 година.

Бр. 08-1323/1
24 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 196/15), во членот 82 став (1) датата „24 април 2016 година“ се заменува со датата „5 јуни 2016 година“, а датата „20 декември 2015 година“ се заменува со датата „27 февруари 2016 година“.

Во ставот (2) датата „24 април 2016 година“ се заменува со датата „5 јуни 2016 година“, а датата „20 декември 2015 година“ се заменува со датата „27 февруари 2016 година“.

Член 2

Во членот 83 датата „24 април 2016 година“ се заменува со датата „5 јуни 2016 година“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.